ФИЛОЗОФСКА ТРИБИНА, 41, бр. 24 стр. 99-108, есен 2018

**УДК: 172.4:2**

# МИРОТ ВО ДЕЛАТА НА ХРИСТИЈАНСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ОД IV ВЕК

**Виктор Недески**

(**Abstract**)

Peace is a commonly used term in the Bible. Christ speaks of "peace" to his disciples several times in His sermons, described in the New Testament, posing it in different connotations – positive, but also negative. Apparently, Christ distinguishes in his sermons between his peace and the peace of the world. According to that, from the very beginning of the Christianity, peace gets double connotation – it can be good or bad. The question of the peace and the Christian view about it will be especially actualized by the recognition of the Christianity as equal religion with other religions in the Roman Empire. The church writers, especially those in the fourth century, will pay special atte) ntion to define the Christian "irinology".

Мирот е често употребуван поим во Светото писмо. Само во Новиот завет именката „мир" се среќава дури деведесет и два пати. Во своите беседи кон учениците, опишани во Новиот завет, Христос повеќепати зборува за „мир", поставувајќи го во различни конотации – позитивни, но и негативни. Така, додека во Беседата на гората, опишана најдетално од евангелистот Матеј, во петтата глава Христос вели: „*Блажени се миротворците, зашто тие ќе се наречат синови Божји*" (Мт 5, 9), само неколку глави понатаму, во десеттата, Христос предупредува: „*Немојте да мислите дека дојдов да донесам мир на земјата; не дојдов да донесам мир, туку меч*" (Мт 10, 34). Христовиот поглед кон мирот станува нешто појасен по Христовата беседа пред страдањето,

опишана од евангелистот Јован, каде Христос вели: *„Мир ви оставам; миротСвој ви го давам; Јас ви го давам не како што го дава светот“* (Јн 14, 27). Очигледно Христос во своите проповеди прави разлика помеѓу *својот мир* и *мирот од светот*, така што од самиот почеток на христијанството, мирот добива двојна конотација, односно може да биде добар или лош.

Прашањето за мирот и христијанскиот поглед кон него особено ќе се актуализира со признавањето на христијанството, најпрво за рамноправна религија со останатите религии во Римската Империја, а нешто подоцна и за официјална религија на Империјата, така што црковните писатели, особено во четвртиот век, ќе посветат посебно внимание на дефинирањето на христијанската „иринологија“.

Уште на самиот почеток, отците на Црквата не пропуштаат да ја нагласат неопходноста од внатрешниот мир и душевното спокојство, како предуслов за успех на мирот и на другите полиња од општествениот живот. Така, според зборовите на презвитер Амониј Александриски: *Световниот мир понекогаш се случува и со лоша цел. Но, Христовиот мир не нè придвижува да се помириме само со другите, туку и самите со себе* (презвитер Амониј Александриски, PG 85, 1492D).

Зборувајќи за вистинскиот мир, свети Василиј Велики вели дека мирот е врвот на пирамидата на благословите; според него, тој се карактеризира со спокојство и непоматеност на разумот. Така, човекот кој го стекнал мирот е препознатлив по својот благ карактер. Но, оној кој е напаѓан од своите страсти, сè уште не го стекнал мирот кој доаѓа од Бога. Овој мир којшто Господ им го подари на учениците (Јн 14, 27) и кој *„вистински го надминува секој ум“* (Фил 4, 7) ги штити душите на оние кои заслужуваат. Овој мир и апостолот Петар им го посакува на Црквите кога вели: *„Благодатта и мирот да ви се умножат“* (1 Птр 1, 2) (Свети Василиј Велики, ВЕП 52, 54, 1).

Користејќи го стихот *„Барај мир и врви по него“* (Пс 33, 15) од триесет и третиот псалм, свети Василиј продолжува со толкувањето на Христовиот мир:

> *Токму на ова мисли и Господ кога вели: „Мир ви оставам; мирот Свој ви го давам; Јас ви го давам не како што го дава светот“ (Јн 14, 27). Значи, барај го Господовиот мир и обиди се да го стекнеш. Тоа нема да го постигнеш на друг начин, освен „напредувајќи кон*

> *својата цел, односно кон наградата која ја ветува небесното призвание“ (Фил 3, 14). Зашто таму се наоѓа вистинскиот мир* (Свети Василиј Велики, ВЕП 52, 87, 3).

Свети Василиј нагласува дека сè додека човекот е сврзан со плотските желби, се наоѓа во ист јарем со тоа што го вознемирува. Тој смета дека еден од главните предуслови кога се бара мирот, е да се избегнува метежот на световниот живот. Затоа советува:

> *Стекни спокоен ум и тивка и непоматена состојба на душата, та така нема да бидеш вознемируван од страстите и нема да дојдеш до ризик да се заблудиш поради нивната привлечност. Така, ќе имаш крепост во душата и мир од Бога, кој „вистински го надминува секој ум“ (Фил 4, 7). Оној кој го бара мирот, го бара Христос, бидејќи Тој „е мирот“ (Ефес 2, 14). „Зашто Тој е нашиот мир, Кој од двата народа направи еден“ (Ефес 2, 15). „Тој измири сè со Себе, било земно, било небесно, творејќи мир со крвта на Неговиот крст“* (Кол 1, 20) (Свети Василиј Велики, ВЕП 52, 87, 3).

Свети Јован Златоуст, како еден од најплодните христијански писатели од IV век, зборува за мирот како опонент на војната. Така, тој го опишува патот, односно борбата која треба да се помине за да се дојде до вистинскиот и добар мир. Повикувајќи се на Павловите зборови тој нагласува: „*Апостолот Павле посакува да престанат војните, борбите и немирите, и затоа го повикува клирот да се моли за владетелите и управителите* (види: 1 Тим 2, 2). *Тоа секако, многу повеќе треба да го прави и народот*“ (Свети Јован Златоуст, PG 62, 533). Според него, постојат три типа на војна и сите се страшни. Првиот е општата војна, кога нашите војници се нападнати од непријателите. Вториот е кога постои надворешен мир и ние војуваме помеѓу себе. Третиот тип е кога се бориме самите со себе. Оваа последната војна, според Златоуст, е најстрашна, зашто војната со надворешните непри јатели не може да ни наштети за суштински работи. Секако, се случуваат колежи и убиства, но не е неизбежно тоа да ја повредува и душата. Ниту втората војна може некако да ни наштети доколку ние не сакаме. Зашто дури и тогаш кога другите се борат против нас, ние имаме можност да бидеме мирољубиви. Аргументирајќи го дотука кажаното, Златоуст се повикува на Давидовите псалми: „*Наместо да ме*

*сакаат, тие стануваат против мене, а јас се молев за нив*“ (Пс 108, 4) и уште: „*Јас бев миролјубив: но кога им зборував, тие војуваа против мене без причина*“ (Пс 119, 7). Во продолжение нагласува:

> *Но, од третата војна не можеш да избегаш без загуба. Зашто кога телото се бори со душата и поттикнува страсни желби, и ги вооружува плотските задоволства, гневот и зависта, тогаш не можеме да учествуваме во богатствата ветени од Бога, доколку не заврши оваа војна, туку неопходно, оној кој не го потиснува ова бранување, ќе падне и ќе претрпи повреди кои предизвикуваат смрт...*

Следствено, Златоуст ја нагласува потребата од континуиран труд и будност во процесот на стекнување на мирот, кој доаѓа единствено по позитивниот исход на оваа последна и најстрашна војна на човекот со себе:

> *Затоа треба секојдневно да се грижиме и многу да се трудиме, за да не се подига во нас оваа војна, а штом, пак, се појави, да не остане, туку да се потиснува и да се смирува. Зошто која е придобивката ако целата вселена биде во длабок мир, а во истото време ти да бидеш во борба со себе? Значи овој е мирот кој треба да го поседуваме. А кога го имаме, ништо од надворешните нешта не може да ни наштети.*

За крај Златоуст не пропушта да го нагласи и значењето на надворешниот мир како значаен фактор кој може да придонесе во стекнувањето на внатрешниот мир. За потврдување на овој став тој користи и еден извадок од првото Павлово послание до Тимотеј: *За овој мир, секако придонесува и надворешниот мир. Затоа апостолот Павле (оправдувајќи го повикот за молитва за владетелите) вели: „за да поживееме тих и мирен живот* “ (1 Тим 2, 2) (Свети Јован Златоуст, PG 62, 533).

Мошне впечатливо е толкувањето на фразата „Блажени се миротворците“ (Мт 5, 9) од страна на свети Григориј Ниски, братот на свети Василиј Велики. Според него, миротворец е оној кој му обезбедува мир на некој друг. „*Секако, не може да им дадеме на другите нешто што самите го немаме. Затоа Бог сака најпрво ти да се исполниш со благодетите на мирот, а потоа да ги делиш од своето сокровиште на оние кои ги немаат*“. Изнесувајќи ја оваа значајна и логичка кон-

статација, епископот Ниски во продолжение го дефинира мирот: „*Но, најпрво да видиме што е мир. Што друго освен врската на љубовта кон нашите ближни? А што е спротивно на љубовта? Омразата, гневот, лутината, зависта, злопамтењето, лицемерноста, воените катастрофи*“. На крај, свети Григориј го издигнува морот како лекарство на многу болести и го претставува како опонент на многу зла:

> *Гледаш ли од колку и кои болести нè исцелува тоа што се изразува со еден збор – мир? Тој може да се спротивстави подеднакво добро на секое од спомнатите зла, и со своето присуство да ги уништи. Зашто како што, кога ќе завладее здравјето – исчезнува болеста, и кога ќе се појави светлината, не останува мракот, така и кога ќе се подигне мирот, се разложуваат сите страсти кои ги посеал непријателот* (Свети Григориј Ниски, PG 44, 1284 A).

Доста практично е толкувањето на оваа фраза што го дава свети Јован Златоуст. Тој го става акцентот на вториот дел од ова блаженство и нагласува дека штом се нарекува „син Божји“ (Мт 5, 9) оној кој едноставно твори мир, многу повеќе ова име му прилега на оној кој ги поврзува луѓето со меѓусебно пријателство, и штом се нарекува чедо Божјо оној кој само помирува, тогаш многу поголема вредност добива оној кој уште ги сврзува со врска на пријателство оние кои веќе се помириле. Златоуст оди дотаму што советува:

> *Тоа нека биде нашата „професија“ – да ги спријателуваме непријателите помеѓу себе, а и оние кои не се непријатели, но не се ниту пријатели, и нив да ги спријателуваме, но пред сè, да се спријателуваме самите со себе. Зашто како што не е за верување оној кој се обидува да ги помири другите, а во сопствениот дом негува непријателство и е во кавга со сопствената сопруга, туку нему му велат: „Лекару, излекувај се сам себе“ (Лк 4, 23), така се случува и со непријателството со самите себе. Но, какво е ова непријателство? Тоа е непријателството на душата кон плотските желби, непријателството на порокот кон доблеста.*

За крај Златоуст, како и во претходниот негов текст за мирот, истакнува дека за да има успех миротворството, најпрво треба да го уништиме непријателството со самите себе, да ја завршиме оваа војна, па така ќе можеме и на другите да им зборуваме со смелост, имајќи

мир и без да нѐ осудува нашата совест, зашто постојано во нас гневот се бори со кротоста, среброљубието со презирот кон парите, зависта со доброто срце. На крај, Златоуст прави споредба на човековата внатрешност со град и вели: *„Да ја смириме оваа војна, да ги победиме овие непријатели, да им ја дадеме победата на добродетелите, да го смириме нашиот град, односно, нашиот внатрешен свет“* (Свети Јован Златоуст, PG 60, 266).

Со тоа дека внатрешниот мир е предуслов за општествениот се согласува и блажениот Ероним, кој размислува вака: *„Блажени се миротворците (Мт 5, 9), односно оние кои прават да царува мирот, најпрво внатре во нивните срца, а потоа во браќата помеѓу кои постои раздор. Зошто која е корист да постигнеш мир помеѓу другите, а во твоето срце да остане борбата со страстите?“* (Блажен Ероним, SC 242, 107).

Спротивно на погрешното мислење на многумина дека секој мир е добар, или дека секој раздор е лош, или дека христијаните не треба да се гневат, отците на Црквата прават разлика и прифаќаат дека посакуван мир е оној кој е придружен од правдата и добродетелта. Таму каде што не постојат овие компоненти, било на личен или на генерален план, неопходна е пројавата на праведен гнев, но без непријателство кон луѓето, туку со борба насочена само кон нивните погрешни ставови.

Разграничувајќи го добриот од лошиот мир, свети Григориј Богослов потенцира: *„Да не мисли некој дека предлагам да го сакаме секој мир. Зашто како што знам за одличен раздор, така знам и за најштетна согласност. Кога зборувам за мир, мислам на правилниот, оној кој се стреми кон добра цел и нѐ соединува со Бога“*. Во продолжение тој го опишува лошиот мир и посочува каков треба да биде односот на вистинскиот христијанин кон него: Таму каде што нечестието е јасно и видливо, треба да го претпочитаме огнот и ножот, и критичните околности и рацете на тираните и слично на тоа, наспроти тоа – да учествуваме во „грешниот квас“ и да се согласиме со оние кои имаат болна вера. Ништо од овие нешта не треба да нѐ плаши толку, за да се уплашиме од тоа повеќе отколку од Бога, и заради тоа, ние кои ѝ служиме на вистината, да ги погазиме заветите за зачувување на верата и вистината – советува свети Григориј. Но, не изостанува и неговиот совет за претпазливост и трпение, за и праведната реакција да нѐ доведе до несакани последици и зло. Така, свети Григориј про-

должува, истакнувајќи дека таму каде што тоа што предизвикува тага е еден обичен сомнеж или нејасен страв, во таков случај, трпението е подобро од избрзувањето, и снисходењето од суровоста и е многу подобро и покорисно да останеме во заедничкото тело на Црквата и да се изградуваме едни со други како членови еден на друг, отколку да настојуваме со заповеди како тирани, а не како браќа, за поправање на другите, кои од претходно сме ги осудиле со оддалечување и сме ги повредиле со истакнувањето на нашиот кредибилитет (Свети Григориј Богослов, ВЕП 59, 21, 34).

Попожелна е достославната војна, отколку мирот кој нè разделува од Бога. Поради тоа Светиот Дух го вооружува кроткиот за да стане борец („*кроткиот нека се покаже како борец*" (Јоил 4, 11), зашто тој навистина знае правилно да војува (Свети Григориј Богослов, ВЕП 58, 274, 7).

„Илјада пати е подобро дистанцирањето кое се случува од благочестиви причини, од согласноста кога таа е поврзана со страсти" – заклучува свети Григориј Богослов (Свети Григориј Богослов,ВЕП 59, 17, 5).

Мошне впечатлив е ставот на свети Исидор Пелусиот. Според него, постои и оправдана војна и мир пострашен од која било немилосрдна битка. Таков мир е, на пример, оној на кој упатува ова: „*Им позавидев на беззакониците, гледајќи како мирно живеат грешниците*" (Пс 72, 3). Толкувајќи го овој извадок, Пелусиот опоменува дека и разбојниците соработуваат помеѓу себе и се вооружуваат против оние кои не им се виновни за ништо; и волците доаѓаат во глутница кога сакаат некого да проголтаат; и прељубникот е во мир со онаа со која врши прељуба, како и блудникот со својата девојка.

> *Така, не мисли дека мирот е секогаш добра работа, зашто многупати е полош од секаква војна. Оној кој, на пример, има миролубиви врски со тие кои роптаат против Божјата промисла и се спогодуваат со злобните, кои ги демнат и уништуваат добрите обичаи, тој, всушност, се наоѓа многу далеку од пределот на мирот. Поради тоа и апостолот Павле вели: „Ако е можно, доколку тоа зависи од вас, бидете во мир со сите луѓе". (Рим 12, 18). Зашто многу добро знаеше дека понекогаш тоа не е можно* – истакнува свети Исидор (Свети Исидор Пелусиот, PG 78, 1088C).

За Христовите зборови: „*Немојте да мислите дека дојдов да донесам мир на земјата; не дојдов да донесам мир, туку меч*" (Мт 10, 34),

блажен Ероним вели: „*Избувна една добра војна за да се прекине еден лош мир*“ (Ероним, SC 242, 207) – со тоа делејќи го ставот со своите современици дека мирот сам по себе не мора да биде добар.

За истата фраза, свети Јован Златоуст си ги поставува прашањата: „*Тогаш како им заповеда на учениците, кога влегуваат во домовите да посакуваат: ‘Нека е мир на овој дом!’*“? (Мт 10, 12) *И како ангелите пееја: „Слава на Бога во височините, а на земјата мир“?* (Лк 2, 14) „*Како ли сите пророци благовестеа за ова*“? На овие прашања самиот одговара дека вистинскиот мир царува кога болниот дел ќе се отсече, кога делот што предизвикува раздори ќе се отстрани. Единствено така е можно небото и земјата да се помират. На ист начин и лекарот го лекува телото, отстранувајќи го неизлечливиот дел. Тоа го прави и војсководачот, разделувајќи ги тие кои се здружуваат со лоша цел. Истото се случи и со Вавилонската кула (1 Мојс 12). Штетниот мир го прекина корисното несогласување и така се роди вистински мир. Според Златоуст, истата тактика ја следи и Павле и така ги раздели фарисеите и садукеите, кои беа здружени против него (Дела 23). По ова наведува и други старозаветни примери за лош мир. Но не задоцнува да потенцира дека војната, секако, не е Христова намера, туку таа е последица од лошата човекова помисла. Зашто Тој сакаше сите да бидат едномислени во однос на прашањето за благочестието, но бидејќи тие не се согласуваа, се појавува војната. Така, според Златоуст, со зборовите „*немојте да мислите дека дојдов да донесам мир*“, Христос сака да ги подготви учениците за тоа со што ќе се соочат. Како да сака да им каже:

> *Не мислете дека вие сте повод за поделбите. Не! Јас го предизвикувам тоа, поради нивните лоши желби. Не збунувајте се кога ќе се соочите со прогонства. За тоа дојдов, за да предизвикам поделба. Тоа го сакам. Значи, не вознемирувајте се кога на земјата ќе видите многу жаришта на такви војни и ќе ви прелета помислата дека таа ќе се уништи. Единствено кога ќе се отцепи полошиот дел, само тогаш небото се соединува со подобриот.*

Според него, сето ова Христос им го вели подготвувајќи ги за злобата на другите. И не вели едноставно „војна“, туку уште потешко – „нож“. Тоа што Христос употребува строги зборови во оваа пригода, според Златоуст, има за цел да го извежба нивниот слух со сурови збо-

рови, за да не се откажат во тешките околности со кои ќе се соочат подоцна. За да не рече некој дека ги убедил учениците со ласкање и прикривање на тешкотиите, затоа и ги презентира тешкотиите како сериозни и неподносливи.

> *Зашто подобро е да се види мирот во нештата отколку во зборовите. Затоа не беше доволно само тоа, туку откривајќи го и обликот на оваа војна, ја опишува како полоша од граѓанска и вели: „Дојдов да разделам човек од татка си, и ќерка од мајка си, и снаа од свекрвата нејзина“ (Мт 10, 35). Зашто не само пријателите, не само согражаните, туку и роднините ќе застанат против и човештвото ќе се раздели на две. И оваа војна не се случува само со домашните, туку со најсаканите од нив и со оние од кои имаме најголема потреба.* (Свети Јован Златоуст, PG 57, 405).

Придонесот на христијанските писатели од четвртиот век кон дефинирањето на христијанската иринологија е несомнено огромен. Нивниот херменевтички пристап кон книгите на Светото писмо, особено кон новозаветните, ќе ја направи неодминлива и темата за мирот во христијанскиот светоглед, изразена најсилно и најавтентично преку Христовите зборови, на чие толкување отците и најмногу ќе се задржат. Тоа што останува главен белег во светоотечката иринологија од четвртиот век е поделбата на мирот на вистински и лажен мир. Така, мирот сам по себе не е ниту добар ниту лош, но секогаш е условен од целта за која е склучен, но и од неговата подлабока внатрешна смисла. Она, пак, на што овие писатели ќе стават најголем акцент е внатрешниот мир во човечкиот микрокосмос, кој е и главниот предуслов за раѓање на здрав и вистински мир и на општествено ниво.

## БИБЛИОГРАФИЈА:

Bonnard, Émile. „Saint Jérôme – Commentaire sur S. Matthieu“ *Sources Chrétiennes (SC)* Vol. 242. Paris: Éditions du Cerf 1977.

Migne, Jacques P. (ed.). „Ammonius presbyter Alexandrinus – Commentariorum in Vetus et Novum Testamentum fragmenta“. *Patrologiae Cursus Completus, Series Graeca (PG)* Vol. 85. Paris: Apud Garnieri Fratres 1864, 1362-1814.

Migne, Jacques P. (ed.). „Joannis Chrysostomi – In epistolam primam ad Timotheum commentarius“. *Patrologiae Cursus Completus, Series Graeca (PG)* Vol. 62. Paris: Apud Garnieri Fratres 1862, 501-600.

Migne, Jacques P. (ed.). „Joannis Chrysostomi – Homiliae LV in Acta apostolorum“. *Patrologiae Cursus Completus, Series Graeca (PG)* Vol. 60. Paris: Apud Garnieri Fratres 1862, 13-384.

Migne, Jacques P. (ed.). „Joannis Chrysostomi – Homiliae XC in Matthaium“. *Patrologiae Cursus Completus, Series Graeca (PG)* Vol. 57. Paris: Apud Garnieri Fratres 1862, 21-472.

Migne, Jacques P. (ed.). „Gregorius Nyssenus – De Beatitudinibus“. *Patrologiae Cursus Completus, Series Graeca (PG)* Vol. 44. Paris: Apud Garnieri Fratres 1863, 1194-1302.

Migne, Jacques P. (ed.). „Isidorus Pelusiota – Epistolarum Lib. IV – Epist. XXXVI Petro Monacho“. *Patrologiae Cursus Completus, Series Graeca (PG)* Vol. 78. Paris: Apud Garnieri Fratres 1864, 1087-1088.

Μουτσούλας, Ηλίας Δ. (ed.). „Βασίλειος ὁ Μέγας (Μέρος Β') – Ὁμιλίαι εἰς τούς Ψαλμούς“ Βιβλιοθήκη Ελλήνων Πατέρων και Εκκλησιαστικών Συγγραφέων (ΒΕΠΕΣ) τ. 52. Ἀθῆναι: Αποστολική Διακονία 1998, 11-142.

Μουτσούλας, Ηλίας Δ. (ed.). „Γρηγοριος ο Θεολογος (Μέρος Α') – Ἀπολογητικὸς τῆς εἰς τὸν Πόντον φυγῆς ἕνεκεν, καὶ αὖθις ἐπανόδου ἐκεῖθεν, μετὰ τὴν τοῦ πρεσβυτέρου χειροτονίαν, ἐν ᾧ τί τὸ τῆς ἱερωσύνης ἐπάγγελμα“ Βιβλιοθήκη Ελλήνων Πατέρων και Εκκλησιαστικών Συγγραφέων (ΒΕΠΕΣ) τ. 58. Ἀθῆναι: Αποστολική Διακονία 1982, 11-142.

Μουτσούλας, Ηλίας Δ. (ed.). „Γρηγοριος ο Θεολογος (Μέρος Β')“ Βιβλιοθήκη Ελλήνων Πατέρων και Εκκλησιαστικών Συγγραφέων (ΒΕΠΕΣ) τ. 59. Ἀθῆναι: Αποστολική Διακονία 1998.